ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100

www.transparentnost-mk.org.mk

# МИСЛЕЊЕ
# ЗА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2007 г. ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Годишниот извештај на ДКСК за нејзината работа во 2007 г., што кон крајот на месец март, со задоцнување и без јавна промоција, беше ставен на веб-сајтот на Државната комисија, претставува сувопарен бирократски текст кој изобилува со воопштувања и нерелевантни податоци. Овој Извештај во најголемиот дел е посветен на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, надлежностите од легислативата од оваа област, Меморандумот за соработка склучен со другите органи "со кој за разлика од порано" биле "отстранети недоразбирањата меѓу органите" и била "зајакната борбата против корупцијата", како и во набројување на сите работилници, конференции и тркалезни маси на кои учествувала Комисијата со свои претставници.

Во оваа смисла, ТМ сака да предупреди на следните наводи во Извештајот:

- Во извештајот стои дека ДКСК "е задоволна од постигнатите резултати и довербата што граѓаните ја имаат во овој орган". Наспроти самозадоволството на ДКСК од постигнатите резултати во превенцијата на корупцијата, извештаите на ЕУ и другите меѓународни организации го тврдат спротивното - корупцијата е посочена како еден од најголемите проблеми во земјата. Довербата на граѓаните кон Комисијата, пак, сигурно не го отсликува ставот на Комисијата.
- Комисијата во својот извештај наведува дека мандатот на претседателот е една година, а не објаснува зошто е прекршен Законот за спречување на корупцијата со изборот на Мирјана Димовска по втор пат за претседател на Комисијата.
- Во сферата на јавните набавки, ДКСК констатирала "неправилности во постапката за начинот на избор на најповолен понудувач, за нетранспарентноста на начинот на оценување на документацијата од страна на комисиите за јавни набавки", но истакнува дека овие појави ќе се надминеле со новиот Закон за јавни набавки, што претставувало "значаен чекор во правец на превенцијата на

корупцијата". При тоа, не е наведен ниту еден од бројните корупциски скандали во оваа област што ја преокупираа стручната и општата јавност во периодот од кога е избран овој состав на ДКСК - на пример: продажбата на ТЕЦ "Неготино", скандалот со отуѓувањето на земјиштето зад "Рамстор", контроверзната набавка на 100.000 компјутери, сомнителните набавки на лекови и медицинска опрема и тн. Овие случаи, како и милионските износи од даночните обврзници потрошени на сомнителен начин за бројните бемислени рекламни кампањи на Владата и министерствата, не предизвикаа интерес кај Комисијата да постапува по нив, наспроти сериозните сомневања за корупција и вмешаност на високи функционери од власта. Со тоа ДКСК целосно затаи во извршувањето на својата законска обврска.

- ДКСК ни во извештајот не информира кои мерки ги презела поради игнорирањето од страна на Владата да ја извести колку јавни пари се потрошени за кампањата "100 дена Влада" и "Оствуруваме", иако се поминати скоро две години откако ДКСК ја побара оваа информација.
- ТМ прашува дали "добрата соработка со другите органи" го покрива и непостапувањето на УЈП по барањето на Комисијата за испитување на потеклото на имотот на Надежда Груевска - мајка на премиерот Никола Груевски - и дали именуваната платила данок за три-четири стана купени во времето кога нејзиниот син бил министер за финансии?
- Со цел јавноста да биде запозната со мерките кои ги презела Комисијата против функционерите кои не поднеле анкетен лист, во Извештајот се посочени имињата на одделни пратеници и службеници од понизок ранг против кои била покрената прекршочна постапка, но не е наведено зошто Комисијата не поднела барање за покренување на прекрошочна постапка против шефот на тајната полиција, г. Сашо Мијалков, кој не ја исполнил законската обврска за пријавување на имотната состојба во определениот рок од 30 дена, како и против други високи државни функционери од владејачката структура, вклучувајќи го и премиерот Никола Груевски кој, исто така, промените во анкетниот лист за имотната состојба на својата сопруга ги поднел по законски пропишаниот рок?
- Во Извештајот нема ниту збор за бројните случаи на непотизам, кронизам, за целосната партизација на јавната администрација, за неспоивост на функцијата, за незаконските вработувања и тн. На кои бевме сведоци и за време на мандатот на оваа Комисија.
- ДКСК не нашла за потребно да постапува и во бројните случаи на конфликт на интереси кај носителите на високи функции од владејачката гарнитура, за кои ТМ и медиумите постојано укажуваа, толерирајќи го скоро цела година и својот член, кој покрај функцијата во Комисијата, од неа примаше и плата како раководител на сектор.

- По однос на спречување на корупцијата во градежништвото, Комисијата заклучила дека во случајот за отуѓување по пат на јавно наддавање на градежното земјиште во државна сопственост, а наменето за изградба на хотел и трговски центар во централното градско подрачје во Скопје (скандалот "Земјиште зад Рамстор"), изборот на најповолниот понудувач "било во согласност со Законот за градежното земјиште", наспроти експертските укажувања по проучувањето на целата документација за овој случај дека се утврдени суштински повреди на законските прописи и неисполнување на утврдените критериуми од страна на избраниот понудувач.
- Во Извештајот не се наведува дали и кои мерки и активности ги презела Комисијата за утврдување на одговорност на функционери од Министерството за транспорт и врски и градоначалникот на општина Центар, Виолета Аларова, поради контроверзите со тн. "Кинески ѕид" во Градскиот парк во Скопје, изграден спротивно на ДУП и пропишаната законска процедура, за што постои сериозно сомевање дека се работи за голем корупциски случај.

Наспроти ваквата недореченост, пасивност, неефикасност и нетранспарентност на ДКСК, делуват несериозно нејзините заклучни согледувања дека "во 2007 година ДКСК оствари вонредно интезивна активност по сите параметри на мерливост на работите од нејзината надлежност", дека бил "направен позитивен исчекор во јакнењето на вкупната политичка волја и посветеноста на институциите во спречувањето на корупцијата што се изрази и преку целосното прифаќање на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата од Владата и сите институции во државата" и дека било "регистрирано досега највисоко ниво на јавна перцепција за корупцијата" и била "создадена поповолна клима за остварување кокретни постигања и ефикасност во борбата против корупцијата".

Иако ДКСК во својата досегашна работа, како ниеден друг орган во државата, покажа зачудувачка нетранспарентност во работата, особено кон медиумите, во Извештајот Комисијата самозадоволно и со доза на лицемерство ја истакнува наводната добра соработка со медиумите и НВО-секторот.

**Поради пасивност, селективност, неефикасност, нетранспарентност и пристрасност во постапувањето по предметите, но и заради кршењето на Законот за спречување на корупцијата и отсуството на влијание на овој значаен орган во спречувањето на корупцијата во земјата, поради изгубениот кредибилитет и немањето капацитет на постојниот состав на Комисијата, *ТМ им предлага на пратениците во Собранието на РМ да не го усвојат Извештајот на***

*ДКСК и да побараат одговорност, вклучувајќи и разрешување на членовите на ДКСК.*

Април 2008 г.

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА**